Наум ДИМОВСКИ

# ЕДЕН ПРИМЕР НА ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ

## ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ТЕМАТСКИ ПЛАН

**За наставата по предметот историја за V одделение**

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „            “
МЕСТО ——————————
ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК ——————————

| Ред. бр. | Програмска содржина (наставни теми-целини, структури, наставни активности) | Забелешка |
|---|---|---|
| 1. | Запознавање со материјалот (општо), учебникот и историската читанка | |
| 2. | Увод во историјата | |
| 3. | Праисторија — првобитното општество | |
| 4. | Стар век, робовладетелско општество (стариот исток) | |
| 5. | Стара Грција | |
| 6. | Древна Македонија — Старата македонска држава | |
| 7. | Стариот Рим | |

| Ред. бр. на темата | Часови за: Обраб. на нов. мат. | Пов. сист. и утврд. | Воопштување | Објект. провер. | Полуг. повтор. | Годиш. повтор. | Посета на музеи | Резерва | Вкупно часови | Наставни единици | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1 | — | — | — | — | — | — | — | 1 | 1. Запознавање со материјалот (општо), учебникот и историската читанка | 1—7.9 |
| 2. | 1 | — | — | — | — | — | — | — | 1 | 1. Увод во историјата | 8—14 |
| 3. | 3 | 1 | 1 | — | — | — | 1 | — | 6 | 1. Животот на луѓето во најстарата заедница — старо камено време | 15—21 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | 2. Ново камено време | 22—28 |
| | | | | | | | | | | 3. Првобитно. општ. во епохата на металите | 29.9 до 5.10 |
| | | | | | | | | | | 4. Посета на Нар. музеј | 6—12. |
| | | | | | | | | | | 5. Повтор. системат. и утврд. на матер. од т. 3 | 13—19 |
| | | | | | | | | | | 6. Воопштув. на матер. од темите: 1, 2 и 3 | 20—26. |
| 4. | 3 | 1 | — | — | — | — | — | — | 4 | 1. Најстарите источни народи — општ преглед | 27.10 до 2.11 |
| | | | | | | | | | | 2. Елемент — Египет | 3—9.11 |
| | | | | | | | | | | 3. Културата на старите источни народи | 10—16.11 |
| | | | | | | | | | | 4. Повтор. систематизир. и утврдув. на материј. од наст. един. 1, 2 и 3 | 17—23.11 |
| 5. | 5 | 2 | — | — | — | — | 1 | — | 8 | 1. Старите Грци во најстариот период | 24—30.11 |
| | | | | | | | | | | 2. Грција — земја со многу градови и држави | 1—7.12 |
| | | | | | | | | | | 3. Најмоќните полиси во Стара Грција | 8—14.12 |
| | | | | | | | | | | 4. Повтор. систем. утврд. на наст. един. 1, 2 и 3 | 15—21.12 |
| | | | | | | | | | | 5. Процут и пропаѓање на Атинската држава | 22—28.12 |
| | | | | | | | | | | 6. Културата кај Старите Грци | 29.12.75—4.1—76 |
| | | | | | | | | | | 7. Посета на Народ. музеј | 5—11.1 |
| | | | | | | | | | | 8. Повтор. систем. утврдув. на наст. един. 5, 6 и 7 | 12—15.1 |
| | | | | | 1 | — | — | — | 1 | 1. Полугодиш. повторув. утврд. и сист. на изуч. матер. | 2—8.2 |
| | | | | 1 | — | — | — | — | 1 | 2. Објектив. проверув. на ученич. знаења (тестирање) | 9—15.2 |
| | | | | | | | | 1 | 1 | 3. Резерва | 16—22.2 |
| 6. | 3 | 1 | — | — | — | — | — | — | 4 | 1. Старата Макед. држава | 23—29.2 |
| | | | | | | | | | | 2. Макед. држава во времето на Ал. Македонски | 1—7.3 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | 3. Елинистичка култура | 8—14.3 |
| | | | | | | | | | | 4. Повт. системат. и утвр. на наст. един. 1, 2 и 3 | 15—21.3 |
| 7. | 6 | 1 | — | — | — | — | 1 | — | 8 | 1. Настанување на Римската држава | 22—28.3 |
| | | | | | | | | | | 2. Рим станува светска сила | 29.3 до 4.4 |
| | | | | | | | | | | 3. Големото робов. востание на Спартак | 5—11.4 |
| | | | | | | | | | | 4. Римското царство | 12—18.4 |
| | | | | | | | | | | 5. Југословен. земји под римска власт | 19—25—4 |
| | | | | | | | | | | 6. Римската култура | 26.4—1.5 |
| | | | | | | | | | | 7. Посета на Народниот музеј во Прилеп | 3—8.5 |
| | | | | | | | | | | 8. Повтор. систем. и утврд. за Рим | 10—16.5 |
| | | | | 1 | — | — | — | — | 1 | Објектив. проверув. на учен. знаења од II полугод. (тестирање) | 17—23.5 |
| | | | | | | 2 | — | — | 2 | Годишно повторув. системат. и утврдув. на материјалот | 24—30.5—1—7.6 |
| | 22 | 6 | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 1 | 38 | | |

Дата 1.9.1975 год.

ЗАБЕЛЕШКА:

Во Наставната програма за обработка на наставните содржини предвидени се 21 час. Додаден е уште 1 час (уводен) за запознавање со предметот, учебникот и историската читанка со што стануваат 22. За повторување, систематизирање и утврдување — 6, за воопштување — 1, за објективно повторување (тестирање) — 2, полугодишно повторување — 1, годишно повторување — 2, посета на музеи — 3 и резерва — 1 час. Вкупно 38 часови.

Во I полугодие ќе се обработат темите 1, 2, 3, 4 и дел од 5 со вкупно 20 часови, а дел од 5, 6 и 7 тема со 18 часови ќе се обработат во II полугодие.

# К О Н К Р Е Т И З А Ц И Ј А

## На наставните содржини по историја за V одделение

### I. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕДМЕТОТ, МАТЕРИЈАЛОТ, УЧЕБНИКОТ И ИСТОРИСКАТА ЧИТАНКА (1 ч.)

— Историјата како наука и предмет
— Запознавање со содржината на предметот
— Запознавање со учебникот и историската читанка и со начинот на нивното користење

### II. УВОД ВО ИСТОРИЈАТА (1 ч.)

— Предмет и задача на историјата
— Историски извори
— Пресметување на времето
— Поделба на историјата — историски периоди

### III. ПРАИСТОРИЈА — ПРВОБИТНО ОПШТЕСТВО (3 + 3 = 6 ч.)

**1. Животот на луѓето во најстарата заедница, старо камено време (1 ч.)**

— Како настанал човекот и неговиот првобитен изглед
— Улогата на трудот
— Првите орудија (старо камено време)
— Откривање на огнот
— Заедница — орда
— Развиток на говорот

**2. Ново камено време (1 ч.)**

— Развиток на орудијата и оружјето
— Лов и сточарство
— Поледелство
— Грнчарство
— Родовска заедница
— Живеалишта и населби
— Верување

**3. Првобитното општество во епохата на металите (1 ч.)**

— Откривање на металите
— Размена
— Настанување на приватната сопственост и појава на експлоатацијата
— Создавање на државата
— Уметност — првобитно сликарство и вајарство

## IV. СТАР ВЕК — РОБОВЛАДЕТЕЛСКО ОПШТЕСТВО, СТАР ИСТОК (3 + 1 = 4)

### 1. Најстарите источни народи (1 ч.)

— Египет
— Месопотамија
— Индија и Кина

### 2. Египет (1 ч.)

— Општествено и државно уредување
— Робови, селани и робовладетели — фараони
— Занаетчиство и трговија
— Отпор на сиромасите против угнетувачите
— Религија

### 3. Културата на старите источни народи (1 ч.)

— Писмо
— Градежништво (пирамиди, храмови, свинги)
— Уметност
— Литература
— Наука — геометрија, медицина и друго

## V. СТАРА ГРЦИЈА (5 + 3 = 8)

### 1. Старите Грци во најстариот период (1 ч.)

— Природни услови
— Доселување на грчките племиња и животот во новата татковина
— „Илијада“ и „Одисеја“ — хомерово време

### 2. Грција — земја со многу градови и држави (1 ч.)

— Настанување на полисите (грчките градови — држави)
— Колонизација
— Олимписки игри
— Верување на старите Грци (богови, полубогови, митови и сл.)

### 3. Најмоќните полиси во Стара Грција (1 ч.)

— Спарта — општествено и државно уредување
— Атина — аристократска република
— Реформите во Атина
— Грчко-Персиски војни

4. **Процут и пропаѓање на Атинската држава (1 ч.)**

— Атинскиот поморски сојуз и улогата на Атина во него
— Атинско робовладетелска демократија
— Пелопонеска војна
— Ропството во античка Грција

5. **Културата кај старите Грци (1 ч.)**

— Драмско творештво и театар
— Уметност и градежништво
— Наука и просвета
— Воспитанието во Стара Грција — посебно во Спарта

## VI. ДРЕВНА МАКЕДОНИЈА (3 + 1 = 4)

1. **Старата македонска држава (1 ч.)**

— Природни услови
— Настанување и ширење на македонската држава
— Грција под власта на Македонија

2. **Македонската држава во времето на Ал. Македонски**

— Воени походи и освојување на Александар Македонски
— Распаѓање на македонската држава

3. **Елинистичка култура (1 ч.)**

— Наука
— Уметност — градежништво
— Книжевност
— Елинистички центри

## VII. СТАРИОТ РИМ (6 + 2 = 8)

1. **Настанување на римската држава (1 ч.)**

— Природни услови
— Создавање на Рим (според легендата и историските извори)
— Општествено и државно уредување (класи, монархија, република)
— Верување на Римјаните

**— 2. Рим станува светска сила (1 ч.)**

— Освојување на Апенинскиот полуостров
— Освојување на Средоземноморието и Балканските земји

3. **Големото робовско востание на Спартак (1 ч.)**

— Селаните и робовите во римската држава
— Востанието на Спартак
— Пропаѓање на републиката

4. **Римското царство (1 ч.)**

— Римската држава станува царство
— Опаѓање на робовладетелското стопанство
— Појава и ширење на христијанството
— Пропаѓање на западното римско царство

5. **Југословенските земји под римска власт (1 ч.)**

— Најстарите жители во нашата земја
— Далматинско-Панонското востание
— Римска управа
— Градови
— Стопанство
— Општествени односи
— Влијание на Римјаните врз општествениот и културниот развиток на народите од Балканскиот Полуостров

6. **Римската култура (1 ч.)**

— Градежништво
— Ликовна уметност
— Литература
— Наука
— Остатоци од римската култура во нашите земји
— Карактер и значење на римската култура

ЗАБЕЛЕШКА:

Во конкретизацијата се дадени само наставните единици со нивните потточки во вкупно 22 наставни часа. Останатите 16 часа, предвидени за другите активности, овде не се внесени, бидејќи ги има во годишниот тематски план.

## ПЛАН И ПОДГОТОВКА ЗА ОБРАБОТКА НА ТЕМАТА ПРЕДИСТОРИЈА — ПРВОБИТНО ОПШТЕСТВО

| Ред. бр. на тем. | А. Структура на наставата-целина (наставни единици, повторување утврдување, посета на музеи и сл.) | Време на реализација | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | 1. Животот на луѓето во најстарата заедница — старо камено време | 15—21.09 | |
| | 2. Ново камено време | 22—28.09 | |
| 3 | 3. Првобитното општество во епохата на металите | 29.09 до 5.10 | |

4. Посета на Народниот музеј — Прилеп 6—12.10
5. Повторување, систематизирање и утврдување на материјалот од т-3 13—19.10
6. Воопштување на материјалот од темите 1, 2 и 3 20—26.10

---

## Б. ПОСЕБНИ ЗАДАЧИ НА ТЕМАТА:

Општа цел при обработката на оваа тема е да ги запознае учениците со постанокот на човекот, улогата на трудот, дека работата е основен фактор во процесот на еволуцијата на човекот и дека развитокот на производните сили доведува до распаѓање на првобитното општество и до појавата на приватната сопственост, класите и државата.

**Обавезно треба да се реализираат и следните задачи:**

Учениците да стекнат поим за првобитното општество како бескласна и најстара општествена формација со низок степен на производство. Потоа да ги сфатат карактеристиките на палеолитот, неолитот и металното време, општествено-економските односи кај луѓето, верувањето и зачетоците на уметноста.

**Воспитни задачи на темата:**

Да се развие кај учениците чувство на почит и правилен однос спрема трудот и работниот човек — физичкиот и умствениот труд.

Да се развие чувство на почит спрема археолошкото и музејското богатство, да се открива, собира и чува тоа богатство.

Да го сфатат учениците закономерниот историски развој на општеството, а со тоа да се развие интересот за научните знаења, вистини и достигања.

Да стекнат претстава — поим за просторна и временска оддалеченост.

## В. ИДЕЈНИ НАСОКИ (ЦЕЛИ) ПРИ ОБРАБОТКАТА НА ТЕМАТА:

Преку оваа тема ќе треба да се развие материјалистичко-дијалектичко толкување на историските појави и настани во развитокот на оваа општествено-економска формација. Да се сфати дека е бескласно општество, нема експлоатација, но не е комунизам.

Да се направи споредба на современиот човек со човекот од тоа време, да се потцртаат големите разлики во целокупниот живот, временската дистанца и непрекидниот развој и прогрес. Секоја етапа во развитокот на општеството си има свои белези што ја одвојуваат од другите. Народите во тие етапи ги вложувале своите умствени и физички сили да создадат подобар живот за себе, а преку тоа ја збогатувале ризницата на својата епоха.

## Г. КОРЕЛАЦИЈА НА ТЕМАТА — ЦЕЛИНАТА:

а) Ќе се поврзе со минатите две теми.
б) Со предметот географија, активноста и улогата на човекот во изменувањето на природната средина, потчинување и ставање во своја служба.

## Д. ИЗВОРИ ЗА СТРУЧНО-СОДРЖИНСКА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИКОТ:

Наставна програма по историја за V одделение.
Учебник по историја за V одделение.
Историја на Стариот век за I клас гимназија.
Историја на Стариот век (Дјаков и Ковалев).
Потеклото на семејството, приватната своина и државата од Енгелс.
Историски материјализам од Косановиќ.
Како човекот станал џин од Илин-Сегал.
Преткапиталистички формации од Островитјанов.

## Ѓ. ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА:

За реализацијата на оваа тема ќе бидат искористени следните облици, методи и форми: фронтален облик за шесте наставни единици. Првите три наставни единици ќе се обработат преку монолошко-дијалошката и текст-методата, додека четвртата ќе се обработи преку методата демонстрација. На последните два часа ќе се примени дијалошка метода.

## Е. ОРГАНИЗАЦИОНА И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА

Место на изведување на наставата: 5 наставни часа во училницата, а 1 во Народниот музеј.

Наставни и нагледни средства: ѕидни слики, од учебникот и детски енциклопедии. Дијафилм за првобитното општество. Материјални остатоци од првобитното општество во Народниот музеј (разни предмети, накит, украси, оружје и сл.).

## Ж. ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ:

За да се сфати суштината на првобитното општество уште на претходните два часа на учениците се дава задача да забележат во тетратките за домашна работа што прочитале и што виделе во врска со оваа тема. Исто така, ги задолжуваме да прочитаат делови од книгата „Како човекот стана џин“ и „Трудот го создава човекот“.

ЗАБЕЛЕШКИ на наставникот за реализацијата на темата:

## ПОДГОТОВКА НА НАСТАВЕН ЧАС
## КОНСПЕКТ НА ЧАСОТ

ТЕМА (ЦЕЛИНА): Предисторија — првобитно општество
НАСТАВНА ЕДИНКА: Животот на луѓето во најстарата заедница — старо камено време
ТИП НА ЧАСОТ: Обработка на нов материјал

1. **ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА ЕДИНИЦА:**

а) ОБРАЗОВНИ:

Да се запознаат учениците со постанокот на човекот и улогата на трудот во неговиот развиток. Да стекнат поим за првобитното општество — старо камено време, да ги сфатат неговите карактеристики и законите на општествениот развиток.

б) ИДЕЈНО-ВОСПИТНИ:

Да се развие кај учениците чувство на почит и правилен однос кон трудот и работниот човек. Да се развие интерес за научните знаења, вистини и достигања.

в) КОРЕЛАЦИЈА:

Ќе се поврзе прочитаниот материјал (даден од порано како домашна работа). Исто така и со претходниот час во врска со сметање на времето. Во врска со географијата ќе се нагласи и поврзе активноста и улогата на човекот во менувањето на природната средина и прилагодување на своите интереси.

2. **ОРГАНИЗАЦИЈА И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ НА ЧАСОТ:**

Часот ќе се изведе во училницата.
Предавањето ќе биде проследено со покажување на фотографии и илустрирање на слики од дијафилм.

3. **НАСТАВНИ ОБЛИЦИ И МЕТОДИ:**

Фронтален облик. Монолошка, дијалошка, текст и метода на демонстрација.

4. **СОДРЖИНСКА АРТИКУЛАЦИЈА НА ЧАСОТ:**

а) УВОДЕН ДЕЛ 5 м.

Во уводниот дел со неколку прашања и одговори на учениците во врска со претходната наставна единица (историски периоди — првобитно

општество), како и од она што го прочитале во домашната задача дадена на претходниот час ги подготвуваме и доближуваме до целта.

б) ГЛАВЕН ДЕЛ 35 м

— Потеклото и постанокот на човекот. Опис на човековите претци. Долг временски процес во оформувањето на човекот. Природни промени на земјата. Физички и умствен развој на човекот.

— Улогата на трудот во тој долг временски процес во оформувањето на човекот — човекот работи и произведува.

— Опис на првите луѓе (крапинец).

— Првите орудија — старо камено време (палеолит).

— Материјал (камен и дрво).

— Опис (изглед и остатоци). Придонес на орудијата да биде човекот посилен и да се одвои од животните.

— Откривање на огнот. Добивање од природата и создавање од човекот. Користење на огнот. Олеснување и подобрување на животот на човекот.

— Заедница — орда. Поврзаност во ордата, подвижност, животни услови, причини за заеднички живот.

— Развиток на говорот. Потреба од меѓусебно разбирање. Постепен развој на говорот.

При обработката на материјалот прочитуваме и делови од историските четива дадени во историската читанка.

Во текот на часот се прави планот на наставната единка запишувајќи ги точките на школската табла:

**ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО ВО НАЈСТАРАТА ЗАЕДНИЦА — СТАРО КАМЕНО ВРЕМЕ**

1. Потеклото на човекот е од човеколики мајмун, а оформувањето во човек — станало во долг временски период.

2. Трудот одиграл одлучна улога во создавањето (оформувањето) на човекот во разумно суштество.

3. Остатоци од најстарите луѓе во нашата земја пронајдени се во Крапина.

4. Орудијата и оружјето на луѓето од палеолитот биле од дрво и камен (необработени).

5. Огнот првин се добивал од природата, а после човекот сам го создавал со триење на дрва и удирање на камења еден од друг.

6. Најстарата заедница кај човекот била ордата.

7. Иако развитокот на говорот се одвивал бавно, тој има огромно значење за меѓусебното разбирање на луѓето.

В. ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 м

Се повторува со неколку прашања и одговори од учениците, нај-битното суштината од обработениот материјал. С дава резиме на наставната единка.

На крајот од часот учениците се упатуваат на учебникот, им се дава домашна работа да одговорат на прашањата:

1. Што го условило постанокот на човекот. Со што се разликува човекот од животното?

2. Да се нацртаат неколку орудија од палеолитот, а еден примерок да се изработи од гипс или глина!

ЗАБЕЛЕШКИ: